


# СИЛНИ И ШОКАНТНИ НАУЧНИ ИЗВЕШТАИ АМА МАЛКУ НАПРЕДОК ВО ПРЕГОВОРИТЕ НА COP25

Првата недела на COP25, климатски научници, метеоролози и експерти презентираа значителен број на извештаи и анализи за последиците кои климатските промени ги оставаат врз здравјето и безбедноста на луѓето, храната и секојдневието. Заклучоците на науката беа едногласни: **климатските промени го менуваат нашиот свет и го загрозуваат нормалното функционирање и постоење и потребни се повеќе активности и иновативни мерки и технологии за да ги ублажиме последиците.**

> ЗА ДА СЕ ОВОЗМОЖИ СРЕДИНА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ НА ЈАГЛЕРОД, ПОТРЕБНА Е ПРЕД СЕ СТРАТЕГИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ПРИДОНЕСИ КОН КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

**Националните придонеси кон климатските промени не се доволни за да се намалат емисиите на CO2** и мора да се воспостават нови механизми и технологии кои ќе помогнат во намалувањето на стакленичките гасови во атмосферата.

Ревизијата на националните придонеси кон климатските промени која им претстоина земјите во 2020, треба да биде поамбициозна, меѓутоа мора да се внимава и на можностите за реална имплементација на зацртаните цели.

Воведувањето на пазари на јаглерод ќе помогне во намалувањето на емисиите на CO2, но само доколку се предвидат недостатоците и добро се регулираат како механизам заедно со системски решенија. Пред да се започне со имплементација на пазари на јаглерод во една земја, најпрво мора да има јасна стратегија за спроведување на зацртаните цели во националните придонеси кон климатските промени.

Во моментов **сеуште не е јасно како ќе изгледа механизмот под Членот 6 од Текстовите од Катовице** кои се занимаваат со имплементација на Договорот од Париз, бидејќи сеуште нема финална верзија на текстот. До доцна вечерва делегатите се обидуваа да ги скратат и намалат отворените опции и текстот во загради оставени од Катовице, но без прогрес. Текстот на Членот 6 се очекува да биде во нацрт верзија и спремна за презентирање на министрите од земјите кои пристигнуваат на конференцијата на High level сегментот во вторник и четврток.

На маргините на конференцијата се води тивка борба и за обезбедување на повеќе финансии кои ќе им бидат достапни на државите за ублажување и прилагодување, меѓутоа и правилно насочување на финансиите. Потребно е да се засили дискусијата за **пренасочувањето на субвенциите наменети за фосилни горива како гасот кон обновливи извори** на енергија и енергетска ефикасност, насочувајќи ги финансиите кон постигнување на долгорочната цел од нула емисии до 2050. Огромен проблем преставуваат и банките кои сеуште финансираат изградба на термоелектрани на јаглен.